Јавно претпријатие за комунални дејности
КОМУНАЛЕЦ ц.о
Бр. 04 - 644/2
08. 02. 2019 год.
Струмица

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018"), а согласно член 34 од Статутот на ,, ЈПКД,,Комуналец,, Струмица"-Струмица, Директорот во рамките на своите права и овластување ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За избор на кандидат по интерен оглас број 01/2019 за унапредување на административен службеник во ЈПКД,,Комуналец,, Струмица -Струмица**

1. Кандидатот **Ѓорѓиева Јасминка** по пат на Интерен оглас број 01/2019 се избира за работно место со шифра КДР 01 02 Б04 127, **Раководител на одделение за човечки ресурси**, во Одделение за човечки ресурси, при Сектор за правни работи, 1 (еден) извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2019 со арх.бр. 04-376/10 од 29.01.2019 година.
3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

На ден 01.02.2019 год на веб страната на ЈПКД,, Комуналец,, Струмица и на веб страната на Агенција за администрација објавен е Интерен оглас број 01/2019 со арх.бр. 04-376/3 од 29.01.2019 год., за унапредување на административен службеник на работно место со шифра КДР 01 02 Б04 127, Раководител на одделение за човечки ресурси.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник , формирана од директорот на јавното претпријатие со Решение арх.бр. 04-421/1 од 30.01.2019 година, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатите, комисијата состави Записник од административна селекција за интерен оглас со број 01/2019 за унапредување на административен службеник со арх. бр. 04-421/2 од 08.02.2019 година и Записник од извршеното усно интервју на кандидатите за унапредување со арх. бр. 04-421/3 од 08.02.2019 година изготвија финална ранг листа за интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за интерен оглас со број 01/2019 за унапредување на административен службеник со арх. бр. 04-644/1 од 08.02.2018 година.

Врз основа на ранг листа, Директорот на ЈПКД,,Комуналец,, Струмица - Струмица донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната на ЈПКД,,Комуналец,, Струмица, односно од денот на приемот на Одлуката.

Доставено до :
- именуваната
- Архива

Директор
Зоран Ѓоргиев

Јавно претпријатие за ... КОМУНАЛЕЦ ц.о 3 Струмица